**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и осмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 15.5.2018 година**

**Скопје, мај 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и осмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 15.5.2018 година**

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Рената Дескоска, министерка за образование и наука, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и Златко Николовски, нотар.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, Билен Саљији, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 64-та седница на Владата, одржана на 17.4.2018 година

- Усвојување на Записникот од 66-та седница на Владата, одржана на 2.5.2018 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција

- Користење и имплементација на фондовите од ЕУ

  - Информација за отворени прашања од ИПА Мастер планот, со табеларен приказ

- Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции

**А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Конечен извештај за извршена ревизија на усогласеност на утврдувањето, наплатата и користењето на надоместоците кои се должни да ги подмируваат операторите на инсталации кои имаат влијание на животната средина кај Министерството за животна средина и просторно планирање од 2015 до 2017 година

2. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Јавна здравствена установа Институт за медицина на трудот на Република Македонија - Скопје, сметка за средства од Фондот за здравствено осигурување на Македонија (737) и сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531)

3. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Јавна здравствена установа Институт за јавно здравје на Република Македонија - Скопје, Сметка за средства на Фондот (737), Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531) и Сметка за донации (487)

4. Предлог-програма за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2018 година

5. Информација во врска со спроведување на постапка за јавна набавка на услуги на ревидирање на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2017 година со состојба 31.12.2017 година и за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2018 година со состојба 31.12.2018 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, со Предлог-одлука

6. Годишна сметка за работењето на Македонски железници „Транспорт“ АД - Скопје за период од 1.1.-31.12.2016 година, Финансискиот извештај на Македонски железници Транспорт АД - Скопје за период 1.1.-31.12.2016 година, Годишниот извештај за работењето на Македонски железници „Транспорт АД“ - Скопје за период од 1.1.-31.12.2016 година, со Извешај на независен ревизор, со Предлог-одлуки и Спогодбата за регулирање на должничко-доверителски односи со Министерството за транспорт и врски

7. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за храна и ветеринарство, со Предлог-одлука

8. Информација за реализација на Акцискиот план за категоризација на одгледувалиштата на молзни грла според ризик за унапредување на квалитетот на сировото млеко

9. Годишен извештај за работењето на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија за 2017 година, со Предлог-одлука

10. Информација за прогресот и хронологијата на реализација на проектот „Изградба на 35 спортски сали“ од Програмата на Владата на Република Македонија за капитални инвестиции во спортската инфраструктура - во периодот од декември 2006 до декември 2017 година

11. Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија, со Предлог-одлука

12. Предлог-одлука за престанување на важење на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Општина Велес

13. Информација во врска со поднесено барање - Иницијатива за донесување на Одлука за престанок и давање на трајно користење без надомест на објект Бањолошки центар во с.Бања на Општина Чешиново - Облешево, со Предлог-одлука

14. Предлог-одлука за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Крива Паланка

**б) Економски систем и тековна економска политика**

15. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на базна станица СТП 6094 за мобилна телефонија КО Радање, Општина Карбинци, со Предлог-одлука

16. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на Г2-лесна и незагадувачка индустрија (фарма за кокошки) КО Корошишта Џепин, Општина Струга, со Предлог-одлука

17. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г-производство, дистрибуција и сервиси КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

18. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на бензиска пумпна станица со пратечки објекти КО Блаце Кале, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

19. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б1-мали комерцијални и деловни намени КО Серменин, Општина Гевгелија, со Предлог-одлука

20. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на производен погон со магацин КО Мислешево-вон.г.р., Општина Струга, со Предлог-одлука

21. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за Проект за инфраструктура за изградба на водоснабдителен систем за подобрување на водоснабдувањето на населба Ѓорче Петров КО Ѓорче Петров 3-Дексион, Општина Ѓорче Петров, со Предлог-одлука

22. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел „Хит“ - Стар Дојран, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

**в) Политички систем**

23. Информација за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Канада за меѓувладини трансакции вклучувајќи набавка на безбедносна и сигурносна опрема, обуки и услуги, со усогласен текст на Меморандум

24. Информација за потпишување на договор за соработка во областа на дијаспората помеѓу Владата на Република Македонија и Општина Штип, со усогласен текст на Договорот

25. Информација за одржувањето на Четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Македонија, кој се одржа на 17 октомври 2017 година во Скопје

26. Инфомација за Барањето на Комитетот за заштита на правата и сродните здруженија на граѓани кои се залагаат за преиспитување на политички мотивираните случаи

**г) Човечки ресурски и одржлив развој**

27. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита

28. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери во Република Македонија за 2018 година

29. Информација за обезбедување вакцини за континуирана имунизација и вакцини по епидемиолошки индикации за потребите на населението за период јуни 2018 - јуни 2020 година, со повеќегодишна јавна набавка

30. Информација за доделување на стипендии од областа на филмската и музичката уметност на „Academy of Performing Arts“ (FAMU), во Прага, Република Чешка

31. Информација за користење на вишокот на средствата од блок дотацијата за средно образование на Градот Скопје од 2017 година во 2018 година

## Б. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) Економски систем и тековна економска политика**

32. Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Видовиште - Припечани“, Општина Зрновци и Општина Чешиново - Облешево на Друштвото за производство, промет и услуги Механизација ДОО увоз - извоз с. Зрновци, Зрновци

33. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина - варовник на локалитетот „Извор“, Општина Кичево од Друштвото за геолошки и хидрогеолошки истражувања, изведба на експлоатациони бунари, геолошки консалтинг Хидроинженеринг Битола ДООЕЛ на Друштвото за

производство, трговија, угостителство и услуги „Лоис-Гемстоне“ увоз-извоз ДООЕЛ с. Стрелци, Кичево

34. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина

**б) Политички систем**

35. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Обединетите Нации „UNIFIL“ во Либан

**в) Човечки ресурски и одржлив развој**

36. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2018/2019 година

37. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово и Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип во академската 2018/2019 година

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

38. Годишен извештај за работата на Комисијата за заштита од дискриминација за 2017 година

39. Годишен извештај на Државната комисија за спречување на корупцијата за примени пријави од укажувачи за 2016 година

40. Годишен извештај за работата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер од 1 јануари до 31 декември 2017 година

41. Барање за давање на автентично толкување на член 25 став 1 точка 10 од Законот за даноците на имот, поднесено од градоначалникот на Општина Штип

42. Барање за давање на автентично толкување на член 21 став (1) од Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/07, 22/08,

159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15 и 193/17), поднесено од пратеникот Самка Ибраимовски

43. Барање за давање на автентично толкување на член 5 од Законот за Државното правобранителство, поднесено од пратеникот Реџаиљ Исмаили

44. Барање за давање на автентично толкување на член 13 од Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, („Службен весник на Република Македонија бр.132/17“), поднесено од Народниот правобранител Иџет Мемети

**д) Други предлози**

45. Кадровски прашања

46. Прашања и предлози

**В. ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

47. Информација за прогресот на активности во реализацијата на проектот „Антенски систем за контрола и мониторинг на радиофреквенции на територијата на Република Македонија“

48. Извештај за работата на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип за периодот од 1.10.2017 година до 31.12.2017 година

49. Извештај за реализација на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година

50. Информација за здравствената состојба на шумите во Република Македонија за 2017 година

51. Годишен извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2017 година

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

52. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари

53. Информацијата за потребата од подобрување на состојбата на општинската патна мрежа

54. Информација за потребата од ревитализирање и рестартирање на музичката продукција на Македонската радио телевизија

55. Информација за формирање на Комисија за спроведување на реформи во пензискиот систем, со Предлог-решение

56. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за определување на видови на стока кои се предмет на постапување на царинските органи на определни гранични премини

57. Информација по доставено Барање за одложено плаќање на главница од МСИП, поднесено од Општина Чашка бр.11-3443/1 од 11.5.2018 година

58. Информација во врска со транспонирањето на Регулативата 347/2013 за трансевропска енергетска инфраструктура

*

*   *

Владата без забелешки се усвоени записниците од Шеесет и четвртата и Шеесет и шестата седница на Владата, одржани на 17.4.2018 година и 2.5.2018 година.

*

*   *

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

**Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на оценска мисија на Европската комисија за управно право која ќе се одржи од 11-14 јуни 2018 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања во соработка со Министерството за правда и Министерството за информатичко општество и администрација да ги координира активностите за подготовка на оценската мисија за управно право.

2. Се задолжува Министерството за правда во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација и Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, да определат три предмети на случаи кои поминале низ целата постапка, вклучително и преку комисии, кои ќе бидат преведени на англиски јазик и доставени до Европската комисија, најдоцна до 28 мај 2018 година.

3. Се задолжуваат Министерството за правда и Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со релевантните институции да обезбедат превод на англиски јазик на бараните документи (Прилог 1), за истите да бидат доставени до Европската комисија, најдоцна до 28 мај 2018 година.

**Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

Владата ја разгледа Информацијата за отворени прашања од ИПА Мастер планот, со табеларен приказ и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1.Се укажува на Државната комисија за спречување на корупцијата да постапи по Заклучокот од 60-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 20.3.2018 година, со кој треба да ги информира Секретаријатот за европски прашања, Министерството за финансии и Министерството за правда, за напредокот во постапките за вработување, еднаш месечно, се до конечното ангажирање на ИТ персоналот, почнувајќи од 5 април 2018 година.

Истовремено, се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во соработка со секретарот на Државната комисија за спречување на корупцијата, да ја разгледаат можноста Министерството за правда да биде партнер, се до профункционирање на Државната комисија за спречување на корупцијата и за истото да побараат мислење од Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија.

2.Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да постапи по заклучоците од 60-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 20.3.2018 година, кои гласат:

-Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, да го мониторира процесот на склучување на договори до крајот на 2018 година, но и на спроведување на грантовите до крајот на 2019 година, во рамките на проектот од ИПА 2014 за локална и регионална конкурентност.

-Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да го информира Секретаријатот за европски прашања, за напредокот во процесот на селекција на грантовите во рамките на проектот од ИПА 2014 за локална и регионална конкурентност на редовна тримесечна основа, почнувајќи од април 2018 година.

**Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции**

Министерот за финансии, д-р Драган Тевдовски ги информираше членовите на Владата за процентот на реализација на капиталните инвестиции, со укажување министрите да ги интензивираат активностите за зголемување на процентот на реализација на капиталните инвестиции во идниот период.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на утврдувањето, наплатата и користењето на надоместоците кои се должни да ги

подмируваат операторите на инсталации кои имаат влијание на животната средина кај Министерството за животна средина и просторно планирање од 2015 до 2017 година, како материјал за информирање, при што констатира дека истиот од страна на Државниот завод за ревизија е доставен до Основното јавно обвинителство.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува министерот за животна средина и просторно планирање да подготви измени и дополнувања на Законот за животната средина, односно во Предлог-законот за Индустриски емисии да ја/го уреди:

- обврската за донесување на решение за утврдување на обврската за плаќање на годишен надоместок од страна на операторите на инсталации,
- рокот за вршење на пресметка на годишниот надоместок и
- издавањето на ИЕД и начинот и роковите за исполнување на условите за добивање на ИЕД за постојните инсталации кои сеуште имаат ДУОП.

2. Се задолжува министерот за животна средина и просторно планирање да преземе активности за:

- донесување на потребните интерни акти и процедури за воедначен пристап при пресметување на надоместоците кои треба да ги плаќаат операторите на инсталации,
- навремено издавање на ДУОП и а - ИЕД,
- издавање на ДУОП за големите согорувачки инсталации и да се создадат правните предуслови за пресметување и наплата на годишниот надоместок за поседување на ДУОП,
- пропишување на формата, содржината и начинот на водење на Национален информативен систем за животна средина,
- воспоставување на Национален информативен систем за животна средина,
- навремена наплата на побарувањата од операторите на инсталациите и
- наменско користење на средствата наплатени од операторите на инсталации кои се утврдени со Програмата за инвестирање во животната средина.

3. Се задолжува министерот за животна средина и просторно планирање, во соработка со Министерството за финансии и Владата на Република Македонија да обезбеди услови за акредитација на лабораториите за следење на квалитетот на животната средина (во рамките на секторот за животна средина) и калибрациона лабораторија (во рамките на Македонскиот информативен центар) и вработување на потребните човечките ресурси и нивна соодветна едукација.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Министерството за финансии при следното буџетирање да предвиди средства за реализација на заклучокот бр. 3. (преку буџетски средства или преку меѓународни грантови) за акредитација на лабораториите за следење на квалитетот на животната средина и калибрациона лабораторија.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да изработи Акциски план за преземените мерки во врска со наодите и препораките дадени од страна на Државниот завод за ревизија и истиот во рок од 90 дена, согласно член 32 од Законот за државна ревизија да го достави до Државниот завод за ревизија.

## Точка 2

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Јавна здравствена установа Институт за медицина на трудот на Република Македонија - Скопје, сметка за средства од Фондот за здравствено осигурување на Македонија (737) и сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1. Се задолжува ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Република Македонија - Скопје да пристапи кон изготвување на акциски план за имплементација на дадените препораки а Министерството за здравство да го следи и олеснува процесот на нивна имплементација.

2. Се задолжува Управниот одбор на ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Република Македонија - Скопје да пристапи кон донесување на одлука за распишување на јавен конкурс за именување на работоводен орган, а министерот за здравство да изврши именување на истиот и склучување на договор за уредување на нивните меѓусебни права и обврски.

3. Се задолжува вршителот на должност - директор на ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Република Македонија - Скопје, во соработка со Министерството за здравство да обезбеди услови за имплементација и непречено функционирање на Националниот систем за материјално - финансиско и сметководствено работење.

4. Се задолжува Министерството за здравство да го разгледа доставениот Статут од страна на ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Република Македонија - Скопје и по истиот да даде насоки за постапување / согласност како основа за преземање на дополнителни активности од страна на законскиот застапник и Управниот одбор на ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Република Македонија - Скопје за донесување на интерните акти за организација и систематизација на институтот.

5. Се задолжува вршителот на должноста - директор на ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Република Македонија - Скопје на Република Македонија, по претходно спроведена функционална анализа да пристапи кон изработка на акти за внатрешна организација и систематизација на работните места, истите да ги достави на согласност на Министерството за информатичко општество и администрација и по добиената согласност

истите да ги достави на усвојување на Управниот одбор на ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Република Македонија - Скопје на Република Македонија.

**Точка 3**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Јавна здравствена установа Институт за јавно здравје на Република Македонија - Скопје, Сметка за средства на Фондот (737), Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531) и Сметка за донации (487), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија да пристапи кон изготвување на акционен план за имплементација на дадените препораки, а Министерството за здравство да го следи и олеснува процесот на нивна имплементација.

2. Се задолжува Управниот одбор на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија да пристапи кон донесување на одлука за распишување на јавен конкурс за именување на работоводен орган, а министерот за здравство да изврши именување на истиот и склучување на договор за уредување на нивните меѓусебни права и обврски.

3. Се задолжува вршителот на должност директор на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија да преземе активности за усогласување на статутарните одредби/изработка на нов статут и истиот да го достави на усвојување на Управниот одбор и да обезбеди согласност од Министерството за здравство.

4. Се задолжува вршителот на должноста директор на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија, по претходно спроведена функционална анализа да пристапи кон изработка на акт за внатрешна организација и акт за систематизација на работни места, истите да ги достави на согласност на Министерството за информатичко општество и администрација и по добиената согласност истите ги достави на усвојување на Управниот одбор на Институт за јавно здравје на Република Македонија.

5. Се задолжува Управниот одбор и вршителот на должност директор на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија да донесат акт за прекинување на праксата за одобрување на средства на вработените кои не се во функција на дејноста и преземат мерки за наплата на претходно одобрени средства.

6. Се задолжува министерот за здравство да донесе интерен акт/насоки за постапување на јавните здравствени установи за начинот на утврдување на висината на средствата и намената на име расходи за репрезентација.

7. Се задолжува вршителот на должност директор на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија и Управниот одбор:

- да подготват и донесат акт за уредување на благајничкото работење со кое ќе се обезбеди законско постапување и ракување со паричните средства во готово;

- да подготват и донесат ценовник за вршење на услуги и за истиот да обезбедат согласност од Министерството за здравство;
- да преземат мерки за наплата на ненаплатените побарувања.

8. Се задолжува Министерството за здравство да пристапи кон подмирување на обврските кон ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија кои потекнуваат од извршени здравствени услуги по програмите за здравствена заштита.

## Точка 4

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 5

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со спроведување на постапка за јавна набавка на услуги на ревидирање на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2017 година со состојба 31.12.2017 година и за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2018 година со состојба 31.12.2018 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2017 и 2018 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 6

Владата по Годишната сметка за работењето на Македонски железници „Транспорт" АД - Скопје за период од 1.1.-31.12.2016 година, Финансискиот извештај на Македонски железници Транспорт АД - Скопје за период 1.1.-31.12.2016 година, Годишниот извештај за работењето на Македонски железници „Транспорт" АД - Скопје за период од 1.1. - 31.12.2016 година, со Извешај на независен ревизор, со Предлог-одлуки и Спогодбата за регулирање на должничко-доверителски односи со Министерството за транспорт и врски ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка за работењето на Македонски железници Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2016 до 31.12.2016 година (нов текст), во предложениот текст.

2. Одлуката за одобрување на Финансискиот извештај за работењето на Македонски железници „Транспорт АД" - Скопје, за период од 1.1.2016 година до 31.12.2016 година (нов текст), во предложениот текст.

3. Одлуката за одобрување на Извештајот за работењето на Македонски железници „Транспорт" АД - Скопје, за период од 1.1.2016 до 31.12.2016 година (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за храна и ветеринарство, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои

Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за храна и ветеринарство, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Акцискиот план за категоризација на одгледувалиштата на молзни грла според ризик за унапредување на квалитетот на сировото млеко и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството да подготви план за обуки за едукација и професионална квалификација на одгледувачите на молзни грла најдоцна до крајот на јуни 2018 година, а обуките да ги спроведе најдоцна до крајот на 2019 година.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во буџетскиот циркулар за 2019 година да предвиди средства за мерка за директни плаќања, за предадено млеко кое според критериумите за квалитет на сирово млеко, потекнува од одгледувалишта од категорија I.

**Точка 9**

Владата по новиот текст на Годишниот извештај за работењето на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија за 2017 година, ја донесе Одлуката за давање на согласност на Годишен извештај за работењето на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија за 2017 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот и хронологијата на реализација на проектот „Изградба на 35 спортски сали“ од Програмата на Владата на Република Македонија за капитални инвестиции во спортската инфраструктура - во периодот од декември 2006 до декември 2017 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да подготви информација за користењето, одржувањето и стопанисувањето на изградените спортски сали од проектот „Изградба на 35 спортски сали“ и да ја достави до Владата до 30 мај 2018 година.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да подготви информација за потребите на националните спортски федерации за користење на спортските сали за реализација на тренажен процес и натпревари на националните репрезентации и да ја достави до Владата до 30 мај 2018 година.

**Точка 11**

Владата по најновиот текст на Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија, ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Општина Велес, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи по бришењето на корисничкото право на недвижната ствар запишана во ИЛ 27987, за КО Велес, на наредната седница Владата да го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување на правото на сопственост на недвижна ствар на Општина Велес.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање - Иницијатива за донесување на Одлука за престанок и давање на трајно користење без надомест на објект Бањолошки центар во с.Бања на Општина Чешиново - Облешево, со Предлог-одлука и дополнувањата кон неа, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Општина Чешиново - Облешево, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Крива Паланка, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на базна станица СТП 6094 за мобилна телефонија КО Радање, Општина Карбинци, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на базна станица за мобилна телефонија СТП 6094 КО Радање, Општина Карбинци, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на Г2-лесна и незагадувачка индустрија (фарма за кокошки) КО Корошишта Џепин, Општина Струга, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на Г2-лесна и незагадувачка индустрија (фарма за кокошки) КО Корошишта Џепин, Општина Струга, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка

планска документација за изградба на објект со намена Г-производство, дистрибуција и сервиси КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г-производство, дистрибуција и сервиси КО Глуво бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на бензиска пумпна станица со пратечки објекти КО Блаце Кале, општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на бензиска пумпна станица со пратечки објекти КО Блаце Кале, општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б1-мали комерцијални и деловни намени КО Серменин, Општина Гевгелија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б1-мали комерцијални и деловни намени КО Серменин, Општина Гевгелија, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на производен погон со магацин КО Мислешево-вон.г.р., Општина Струга, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на производен погон со магацин КО Мислешево-вон.г.р., Општина Струга (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за Проект за инфраструктура за изградба на водоснабдителен систем за подобрување на водоснабдувањето на населба Ѓорче Петров КО Ѓорче Петров 3-Дексион, Општина Ѓорче Петров, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на водоснабдителен систем за подобрување на водоснабдувањето на населба Ѓорче Петров КО Ѓорче Петров 3-Дексион, Општина Ѓорче Петров, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел Хит - Стар Дојран, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Хит - Стар Дојран, со седиште на ул. Карач бр. 1 - хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Канада за меѓувладини трансакции вклучувајќи набавка на безбедносна и сигурносна опрема, обуки и услуги, со усогласен текст на Меморандум и го усвои со следниве заклучоци:

1.Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Канада за меѓувладини трансакции вклучувајќи набавка на безбедносна и сигурносна опрема, обуки и услуги.

2.Се овластува Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Канада за меѓувладини трансакции вклучувајќи набавка на безбедносна и сигурносна опрема, обуки и услуги.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на договор за соработка во областа на дијаспората помеѓу Владата на Република Македонија и Општина Штип, со усогласен текст на Договорот (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за соработка во областа на дијаспората помеѓу Владата на Република Македонија и Општина Штип.

2. Се овластува Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, во име на Владата на Република Македонија да го потпише Договорот за соработка во областа на дијаспората помеѓу Владата на Република Македонија и Општина Штип.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за одржувањето на Четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Македонија, кој се одржа на 17 октомври 2017 година во Скопје (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1.Се задолжува Државниот завод за статистика, во соработка со Министерството за финансии и Народната банка на Република Македонија најдоцна до 30 мај 2018 година да ги испрати табелите за прекумерен дефицит (ЕДП) 3 и 4 до Евростат.

2.Се задолжува Министерството за финансии да ја изработи Политиката за јавна внатрешна финансиска контрола 2018 - 2020 и да ја достави до Владата, најдоцна до 30 јуни 2018 година.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за Барањето на Комитетот за заштита на правата и сродните здруженија на граѓани кои се залагаат за преиспитување на политички мотивираните случаи и ја усвои со следните заклучоци:

1. Формира работна група за следење на постапувањето по барањата, претставките и предлозите до органите на државната управа преку проверка и прибирање факти и докази, составена од претставник на Владата на Република Македонија, државните секретари во Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи, директорот на Државниот управен инспекторат, претставник на Народниот правобранител на Република Македонија и претставник на Комитетот за заштита на правата и сродните здруженија на граѓани.

2. Се задолжува Работната група, квартално да доставува информации до Владата за целите за кои е основана.

Работната група се формира за период од една година.

3. Се задолжува Работната група особено да го следи постапувањето по барањата, претставките или предлозите во кои е индицирана повреда на некои од основните слободи, права и начела во постапките, како што е пресумпцијата на невиност, правото на правично судење, каде се користени заштитени сведоци, постојат материјали кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, кои заедно со податоците за злоупотребите на автоматизираниот систем за управување со судските предмети (АКМИС) упатуваат на евентуална политичка мотивираност и пристрасност при постапувањето.

4. Се задолжуваат органите на државната управа да постапуваат по доставените барања, претставки и предлози одговорно, ефикасно и ажурно да ги доставуваат бараните списи и докази, а таму каде што има евидентни повреди на слободите и правата да постапат согласно уставниот принцип на итност и приоритет.

5. Подносителите на барањата, претставките и предлозите, добиените списи, докази и наоди можат да ги користат во институциите каде сметаат дека можат да им помогнат во остварувањето на нивните права и интереси, како преиспитување на постоечки или како нови факти, докази и околности.
6. Се задолжуваат надлежните инспекциски органи да вршат редовен и вонреден надзор, по свое наоѓање и по понесени иницијативи и претставки за надзор и за тоа квартално да ја известуваат Владата.

## Точка 27

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, за наредната седница на Владата.

## Точка 28

Владата го донесе текстот на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери во Република Македонија за 2018 година, со заклучок Министерството за здравство да го промени и насловот на Програмата (да не биде специфицирано за пензионери) и истиот да го достави до Владата.

## Точка 29

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за обезбедување вакцини за континуирана имунизација и вакцини по епидемиолошки индикации за потребите на населението за период јуни 2018 - јуни 2020 година, со повеќегодишна јавна набавка и го усвои со следниве заклучоци:

1. Даде одобрение на Министерството за здравство за започнување постапка за повеќегодишна јавна набавка на вакцини за континуирана имунизација и вакцини по епидемиолошки индикации за потребите на населението за периодот од јуни 2018 до јуни 2020 година, согласно Мислењето на Министерството за финансии, во вкупен износ од 703.400.000,00 денари со следната динамика на реализација:

- 351.700.000,00 денари во 2019 година и
- 351.700.000,00 денари во 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за здравство да обезбеди финансиски средства во висина од 703.400.000,00 денари за повеќегодишна јавна набавка на вакцини за континуирана имунизација и вакцини по епидемиолошки индикации за потребите на населението за периодот од јуни 2018 до јуни 2020 година, од кои 351.700.000,00 денари во Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Македонија, за 2019 година и 351.700.000,00 денари да се предвидат во Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Македонија за 2020 година.

3.Се задолжува Министерството за здравство потребните финансиски средства во висина од 703.400.000,00 денари да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година (2019 и 2020 година), а Министерството за финансии да ги има предвид при подготовката на буџетот, со оглед дека оваа активност е од приоритет на Министерството за здравство.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за доделување на стипендии од областа на филмската и музичката уметност на „Academy of Performing Arts“ (FAMU), во Прага, Република Чешка ја усвои и го задолжи Министерството за образование и наука во рамките на додипломските студии да продолжи да ја стипендира и подготвителната година како нулта година и додипломските студии во траење од три години.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за користење на вишокот на средствата од блок дотацијата за средно образование на Градот Скопје од 2017 година во 2018 година, ја усвои Информацијата и го одобри Барањето на Град Скопје за средствата од блок дотацијата да бидат искористени за планираните капитални расходи на Градот Скопје за реконструкција на средните училишта, по претходно обезбедено позитивно мислење од Министерството за финансии.

**Точка 32**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Видовиште - Припечани", Општина Зрновци и Општина Чешиново - Облешево на Друштвото за производство, промет и услуги Механизација ДОО увоз - извоз с. Зрновци, Зрновци, со заклучок Министерството за финансии да потврди дали Друштвото за производство, промет и услуги Механизација ДОО увоз - извоз с. Зрновци, Зрновци ги има платено сите финансиски обврски спрема државата на денот на доставувањето на Барањето.

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина - варовник на локалитетот „Извор", Општина Кичево од Друштвото за геолошки и хидрогеолошки истражувања, изведба на експлоатациони бунари, геолошки консалтинг Хидроинженеринг Битола ДООЕЛ на Друштвото за производство, трговија, угостителство и услуги Лоис-Гемстоне увоз-извоз ДООЕЛ с. Стрелци, Кичево, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Обединетите Нации „UNIFIL" во Либан, го утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска - Јанковска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи

на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2018/2019 година, текст усогласен со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 37

Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово и Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип во академската 2018/2019 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство), во предложениот текст.

## Точка 38

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита од дискриминација за 2017 година и притоа го утврди следното мислење:

Комисијата за заштита од дискриминација во својот Годишен извештај за периодот од 1 јануари до 31 декември 2017 година дава статистички приказ за добиени и решени претставки, краток опис за начинот на поднесување на претставки и одлучување по истите, ги потенцира препреките во работењето, приказ на 13 случаи и на крајот дава заклучоци и препораки.

Владата смета дека истиот не е комплетен и не содржи доволно податоци и информации кои ја презентираат работата на Комисијата и истиот не дава приказ за состојбата на дискриминацијата во 2017 година во Република Македонија.

Имено во Извештајот недостасуваат следните работи:

1. Недостасува детален статистички пристап за податоците, разделено по сите предвидени основи и сите предвидени области согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, во нивниот извештај се издвојуваат само неколку основи и области генерално;

2. Недостасува компаративен пристап во приказот на статистички податоци, компарирано со претходните години, во насока на пораст или опаѓање на поднесени претставки, разделено по сите предвидени основи и сите предвидени области согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и анализа за таквата состојба со содржински информации во прилог;

3. Во извештајот Комсисијата сама констатира дека веб-страницата е подолг временски период нефункционална, но не дава информација за периодот на нефункционалност и не дава информација за последиците од таквата нефункциналност, како и дали Комсисијата презема била каква иницијатива за наоѓање на решение на овој проблем. Функционирањето на веб-страницата е исклучително важно прашање пред се заради можноста граѓаните директно online да можат да поднесуваат претставки, како и да се информираат за работата на Комисијата и за нивните права во случај да бидат

дискриминирани. Во Извештајот Комисијата не покажува дека освен што констатираат дека веб-страницата била нефункционална, дека преземале било каква иницијатива за изнаоѓање на решение и овозможување на еднаков и полесен пристап за граѓаните во заштитата од дискриминација, која им е примарна обврска и надлежност;

4. Во Извештајот Комисијата дава приказ на 13 случаи. Согласно член 24 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата има обврска да ја информира јавноста за случаите на дискриминација и презема активноста за промоција и едукација за еднаквоста, човековите права и недискриминацијата. Имајќи предвид дека веб-страницата не е функционална подолг временски период, Годишниот извештај треба да ги содржи сите случаи на дискриминација по кои решавала Комисијата, а особено имајќи предвид дека во 34.5% Комисијата одлучила негативно, а во 22.6% одлучила позитивно, а во 36.9% се огласила за ненадлежна. Тоа значи дека Комисијата во повеќе од половина од мислењата кои ги донела во 2017 година се сметала за ненадлежна или одлучила негативно, што е сериозно укажување за несоодветното работење на Комисијата, недостаток на промоција и едукација на граѓаните, а со самото тоа се заклучува и нефункционално работење на Комисијата. Во Извештајот нема информации за кои случаи се сметале за ненадлежни и дали граѓаните биле упатени каде треба да се обратат;

5. Во заклучоците и препораките, Комисијата дава препораки за својата идна работа, но притоа не забележува дали Комисијата планира да ги иницира препораките во иднина или ги задолжува институциите да ги спроведат препораките, нема податок за задолжени институции за имплементација на препораките;

6. Во извештајот недостасува анализа за состојбата со дискриминацијата во Република Македонија за 2017 година, што Комисијата констатирала, што планира да иницира и кои се препораките за подобрување на состојбата.

7. Комисијата има обврска да дава годишен извештај согласно надлежностите предвидени во член 24 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и форматот на содржината на извештајот треба да се подготви во таа насока. Во дадениот извештај нема информации согласно сите предвидените надлежности, а за тие надлежности за кои има информации, истите се делумни.

8. Комисијата во Извештајот неколку пати го потенцира недостатокот на финансиски средства како главна причина за неефикасното работење на Комисијата, притоа дава приказ на финанскиот план за 2017 година и на износот на ненаплатени средства, но не дава приказ на расходите. Извештајот има потреба да се дополни и со податоци за реализираните расходи, согласно предвидените обврски во законот.

Владата смета дека Собранието треба да побара дополнување на Извештајот на Комисијата во писмена форма, кој ќе соодвествува на предвидените надлежности во законот. Исто така, Владата предлага Извештајот да се разгледа на јавна пленарна седница на која Комисијата ќе одговара на прашањата на пратениците за состојбата на недискриминацијата, со цел подигнување на транспаретното информирање за работењето на оваа комисија.

Според Извештајот има напредок на меѓународната соработка на Комисијата за заштита од дискриминација и треба да се продолжи со таа соработка. Загрижува фактот дека сеуште нема административни капацитети во Секретаријатот на Комисијата.

Исто така, се смета дека граѓаните треба да бидат информирани и мотивирани за поднесување на претставки до Комисијата, затоа што и по шест години од основањето на Комисијата, бројот на претставки е сеуште симболичен. При вработување на административни службеници, потребно е да се почитува принципот на соодветна и правична застапеност на етничките заедници во Република Македонија.

## Точка 39

Владата го разгледа Годишниот извештај на Државната комисија за спречување на корупцијата за примени пријави од укажувачи за 2016 година и притоа го утврди следново мислење:

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно член 15 став 2 од Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија“, бр. 196/2015 и 35/2018), доставува до Собранието на Република Македонија годишен извештај за примени пријави од укажувачи.

Доставувањето на Годишниот извештај за примени пријави од укажувачи за 2016 година е во функција на исполнување на законската обврска на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Годишниот извештај, меѓу другото, содржи податоци за број на примени полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи и број на известувања добиени од институции во јавниот сектор со податоци за овластено лице за прием на пријави од укажувачи.

Според анализата спроведена од Државната комисија за спречување на корупцијата, од полугодишните извештаи доставени од институциите од јавниот сектор произлегува дека не е примена ниту една пријава од укажувач.

Државната комисија за спречување на корупцијата констатира незадоволително ниво на имплементација на Законот за заштита на укажувачи, а укажува на потреба од спроведување обуки и кампања.

Во врска со содржината на предметниот извештај, укажуваме дека податоците кои произлегуваат од досега доставените полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи не може да претставуваат показател за вистинските состојби со бројот на доставените пријави од укажувачи, особено преку надворешниот канал за заштитено пријавување, поради тоа што не се врши соодветна селекција на примените пријави во институциите по категории на пријавители кои се истовремено и категории на лица, кои согласно Законот можат да бидат укажувачи.

Исто така, укажуваме на тоа дека од аспект на обезбедувањето заштита на укажувачите, треба да се имаат предвид наодите на Европската комисија во врска со работењето на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Имено, во Извештајот за напредокот на Република Македонија од 2018 година, се забележува на тоа дека за Државната комисија за спречување на корупцијатаимплементирањето политика од значење за превенција на корупцијата се уште претставува предизвик и дека е потребно зајакнување на ефикасноста и независноста во

нејзиното работење. Понатаму, Европската комисија укажува на потребата за реформа во анти-корупциската институционална рамка за што е потребно подобрување на законската регулатива.

За таа цел, формирана е работна група за подготовка на нов Предлог-закон за спречување на корупцијата, со кој, меѓу другото, ќе се предложи нов модел на анти-корупциското тело.

Во февруари 2018 година, Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија“, бр.35/2018). Со донесувањето на измените и дополнувањата, се изврши усогласување на Законот со препораките дадени во Мислењето на Венецијанска комисија, бр.829/2015 од 15.3.2016 година и надминување на непрецизноста и внатрешната неусогласеност на законските одредби што ги уредуваат каналите за заштитено пријавување и заштитата на укажувачите. Со донесените измени и дополнувања, исполнета е и препораката (1) дадена со Годишниот извештај за примени пријави од укажувачи доставен од Министерството за правда до Собранието на Република Македонија, така што член 15 став 2 од Законот за заштита на укажувачи е изменет за да утврди должност единствено за Државната комисија за спречување на корупцијата до Собранието на Република Македонија да доставува годишен извештај за примени пријави од укажувачи (во рамки на својот годишен извештај за работа).

Европската комисија позитивно ги оцени донесените измени и дополнувања на Законот за заштита на укажувачи, како позитивен чекор кој може да придонесе за заживување на интересот на граѓаните и државните службеници за отфрлање на корупцијата. Сепак, од искуството од досегашната примена на Законот и анализата која укажува на потреба за реформа на анти-корупциската институционална рамка, произлегува потребата за натамошно подобрување на законската регулатива за заштита на укажувачи.

Владата на Република Македонија, на 34-та седница, одржана на 31.10.2017 година, донесе Заклучок со кој ги задолжи сите министерства и други органи на државната управа да објават контакт информации за овластените лица за прием на пријави од укажувачи. Донесувањето и постапувањето по Заклучокот придонесува за подобрување на состојбата со почитувањето на законската обврска за назначување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи во институциите во јавниот сектор.

Ве известуваме дека, во насока на преземање на активности за организација на континуирана обука за овластени лица за прием на пријави од укажувачи и активности за јакнење на јавната свест за заштитеното пријавување и заштитата на укажувачите, во рамки на ЕУ финансираниот проект „Зајакнување на националните капацитети за борба против организиран криминал и корупција“, изготвени се концепт - документи за стратегија за кампања за подигање на јавната свест за промовирање на позитивните аспекти на укажувањето, анализа на потребите за обука и содржина за пропаганден материјал - памфлет. Носител на проектната активност е Државната комисија за спречување на корупцијата.

## Точка 40

Владата не расправаше по Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер од 1 јануари до 31 декември 2017 година.

## Точка 41

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 25 став 1 точка 10 од Законот за даноците на имот, поднесено од градоначалникот на Општина Штип и притоа го утврди следното мислење:

Барањето за давање на автентично толкување на одредбата од членот 25 став (1) точка 10) од Законот за даноците на имот, подносителот го поднел за прашање кое се однесува на плаќање данок на промет во случај на издвојување на едно трговско друштво со формирање на две нови трговски друштва, при што целокупниот недвижен имот од друштвото што се дели преминува на двете новоформирани трговски друштва, а постоечкото друштво продолжува да постои.
Со Законот за даноците на имот се уредува начинот на оданочување на данок на имот, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности.
Согласно член 19 од Законот, на остварениот промет на недвижности се плаќа данок на промет на недвижности. Под промет на недвижности. во смисла на овој закон се смета преносот со и без надоместок на правото на сопственост како и друг начин на стекнување на недвижноста со и без надоместок меѓу правни и физички лица.
Обврзник на данокот на промет на недвижности е правно и физичко лице - продавач на недвижноста. По исклучок обврзник на данокот на промет на недвижности може да биде правно лице и физичко лице - купувач на недвижноста, доколку во договорот за купопродажба на недвижноста е договорено данокот да го плати купувачот.
Согласно член 23 став (1) од Законот за даноците на имот даночната обврска на данокот на промет на недвижности настанува со денот на склучувањето на договорот за пренос на правото на сопственост на недвижности. односно на замена на недвижностите.
Според член 25 став (1) точка 10) од Законот за даноците на имот данок на промет на недвижности не се плаќа при вложување на недвижности во капиталот на трговските друштва.
Притоа во контекст на конкретни случаи кои може да настанат во пракса, а со цел доследна примена на одредбите од Законот за даноците на имот мора да се имаат предвид и одредбите на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.28/04...61/16), со кој се уредуваат начинот и постапката според кои се врши вложување во имотот на друштвото и настанува влог во друштвото.
Имено, согласно член 3 став (1) точка 4) од Законот за трговските друштва „влог во друштвото" се пари, ствари, права коишто содружникот, односно акционерот му ги отстапува и пренесува на трговското друштво во постапката на основање или во постапката на зголемување на основната главнина на друштвото, односно и труд и услуги кога тоа со овој закон е допуштено.
Согласно член 517 став (3) од Законот за трговските друштва, едно друштво може преку поделба истовремено, да го пренесе сиот имот и обврските на две или повеќе новоосновани друштва (во натамошниот текст: раздвојување со основање) или на две или повеќе постојни друштва (во натамошниот текст: раздвојување со преземање), при што друштвото што се дели престанува без спроведување на ликвидација. Едно друштво може, преку поделба, дел од својот имот и од обврските да ги пренесе на едно или на повеќе новоосновани друштва (во натамошниот текст: издвојување со основање) или на едно или на повеќе постојни друштва (во натамошниот текст: издвојување со преземање), при што друштвото не престанува.
Според тоа, јасно е дека Законот за даноците на имот исклучиво ја следи промената на сопственост (прометот) на недвижниот имот, така што точката 10) од ставот (1) на членот 25 од Законот се однесува на прометите кои настануваат во постапка на вложување на

недвижен имот во капиталот на трговски друштва, односно во постапката на основање или во постапката на зголемување на основната главнина на друштвото кога тоа согласно со Законот за трговските друштва е допуштено.
Согласно член 26 од Законот за даноците на имот, утврдување и наплата на даноците на имот врши општинската администрација, администрацијата на општините во Градот Скопје и администрацијата на Градот Скопје на подрачјето на општината каде што се наоѓа имотот.
Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не го прифати Барањето за давање на автентично толкување на одредбите од членот 25 став (1) точка 10) од Законот за даноците на имот, поднесено од градоначалникот на Општина Штип, односно да не даде автентично толкување, со оглед на тоа што одредбата на овој член е јасна и прецизна.

## Точка 42

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 21 став (1) од Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15 и 193/17), поднесено од пратеникот Самка Ибраимовски и притоа го утврди следново мислење:
Членот 21 став (1) од Законот за платниот промет гласи:

„(1) Носителот на платниот промет е должен да ги извршува решенијата за присилна наплата во согласност со закон. Носителот на платен промет е должен да постапи по решенијата за присилна наплата најдоцна наредниот работен ден од денот на приемот на решението“.

Според подносителот на барањето за автентично толкување, цитираниот став не е доволно јасен и прецизен или во пракса погрешно е применуван од страна на носителите на платниот промет, со што се наметнува потреба од негово толкување.

Во членот 2 став (1) точка 10 од Законот за платниот промет, уредено е дека решение за присилна наплата е налог за извршување од извршител, правосилна судска одлука за дозвола за извршување, задолжница, извршно решение за казна за прекршок, извршно решение за наплата на јавни давачки или решение на други органи овластени со закон.

При примената на членот 21 став (1), треба да се земе предвид и одредбата од членот 2 став (1) точка 10, во која е уредена дефиницијата за решение за присилна наплата.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не даде автентично толкување на членот 21 став (1) од Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија бр. 113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15 и 193/17), поднесено од пратеникот Самка Ибраимовски, со оглед на тоа што одредбата е јасна, прецизна и недвосмислена и истата дозволува примена на законот како правно - функционална целина.

## Точка 43

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето за давање на автентично толкување на член 5 од Законот за Државното правобранителство, поднесено од пратеникот Реџаиљ Исмаили, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата

за политички систем, поради потребата Министерството за правда да достави заедничко мислење со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 44

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за давање на автентично толкување на член 13 од Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, („Службен весник на Република Македонија бр.132/17"), поднесено од Народниот правобранител Иџет Мемети за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Министерството за финанси-Управата за јавни приходи да подготви и до Владата да достави ново мислење по Барањето со вградено толкување од страна на Управата за јавни приходи за плаќање на радиодифузната такса (целосен или сразмерен износ) за септември 2017 година.

Барањето претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

## Точка 45

1. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија за претседател и членови на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, да ги именува:

а) за претседател:
- Максуд Али (професионално ангажиран)

б) за членови:
-Ментор Јакупи (професионално ангажиран)
-Дарко Саздов (професионално ангажиран)
-Борче Божиновски и
-Марина Макенаџиева.

2. Владата ја разреши Елизабета Јованчева од должноста директорка на Државниот комунален инспекторат, орган во состав на Министерството за транспорт и врски.

3. Владата го разреши Љупчо Ризов од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Специјален завод- Демир Капија.

3.1. Владата за членови на Управниот одбор- претставници на основачот на ЈУ Специјален завод- Демир Капија, ги именува:

- Сузана Крстова
- Ленче Недева и
- Соња Симонова.

4. Владата го именува Арбен Мирто за член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Русе Бошковски" -Ростуше.

5. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го разреши Љуљзим Имери од член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, на негово барање.

6. Владата го разреши Љубе Кузмановски од должноста член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење Јавната установа Национален парк Пелистер-Битола.

7. Владата го разреши Иљми Селами од должноста член на Управниот одбор на ЈП за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“ - Скопје.

8. Владата го разреши Боре Еркечов од должноста директор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, орган во состав на Министерството за транспорт и врски, поради именување на друга функција.

9. Владата го именува Далибор Стоилковски за член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка.

10. Владата ја разреши Слаѓана Симуноска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ за деца - Детско одморалиште „Илинден“ - Гостивар.

10.1. Владата ја именува Рената Дуцеска за член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈУ за деца - Детско одморалиште „Илинден“ - Гостивар.

11. Владата на Антонио Димов разрешен од должноста вршител на должноста, директор на КПУ Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 3 месеци, за период од 10.4.2018 година до 10.7.2018 година.

12. Владата ја именува Гордана Ангеловска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија - Скопје.

13. Владата ја именува Селма Јашари за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија - Скопје.

14. Владата го отповика Дарко Радески од должноста член на Надзорниот одбор на Друштвото фабрика за шински возила „Велес“ ДООЕЛ-Велес.

14.1. Владата го избра Ванчо Филипов за член на Надзорниот одбор на Друштвото фабрика за шински возила „Велес“ ДООЕЛ-Велес.

15. Владата го избра Дарко Радески за член на Одборот на директори на АД водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост.

<u>**Точка 46**</u>

1. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 7.5.2018 до 13.5.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

2. Владата заклучи Извадокот од Нацрт - записникот од 67-та седница на Владата, одржана на 8.5.2018 година (Точка 99 Информација за потребата од алтернативно финансирање за реализација на изградбата на дистрибутивната мрежа во Република Македонија) кој гласи:

„Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за економија во рок од два месеци да ја информираат Владата за можностите за алтернативно финансирање за реализација на изградбата на дистрибутивната мрежа за природен гас во Република Македонија“ да се измени и да гласи:

„Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за економија, во рок од 30 дена да се обратат до меѓународните финансиски институции и билатерални кредитори за испитување на можноста за добивање на техничка помош и обезбедување на финансиски средства за финансирање на проектот за изградба на дистрибутивната мрежа во Република Македонија“.

3. Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Македонија, со писмо бр. 44-4540/1 од 24.4.2018 година.

Истовремено, Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Македонија во Собранието е определена Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

4. Владата го разгледа и го прифати Известувањето со табеларен преглед на информации/активности кои Министерството за здравство, бара да се стопираат односно постапат на порталот е - Влада.

5. Владата го разгледа Известувањето за целосно постапување по Заклучок од Деветтата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 16.2.2016 година (проект „Организирање саем на средношколски иновации“) доставено од Министерството за образование и наука, го прифати Известувањето и заклучи активноста од Деветтата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 16.2.2016 година во врска со проектот „Организирање саем на средношколски иновации” да престане да важи.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активности во реализацијата на проектот „Антенски систем за контрола и мониторинг на радиофреквенции на територијата на Република Македонија“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи, Агенцијата за електронски комуникации да ги има во предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 48**

Владата го разгледа Извештајот за работата на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип за периодот од 1.10.2017 година до 31.12.2017 година, како материјал за информирање.

Исто така, се задолжува ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип да изработи Физибилити студија за изградба на предвидените мали хидроелектрани, согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

**Точка 49**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за реализација на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за здравствената состојба на шумите во Република Македонија за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 51**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 52**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари и го утврди со следниве заклучоци:
1. Министерството за финансии да изврши дополнителни консултации во врска со Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари.
2. Согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.
За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државна секретарка во Министерството за финансии, Виолета Стојановска Петровска, државна советничка во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководителка на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од подобрување на состојбата на општинската патна мрежа и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта, во рок од 15 дена да подготви преглед на рехабилитирани општински патишта (по број и во км) со помош на средствата од заеми одобрени за таа намена и истиот да го достави до Министерството за транспорт и врски.

2. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта, во рок од 15 дена да подготви преглед на годишните износи на финансиските дотации до ЕЛС наменети за одржување на општинските патишта, за последните десет години и истиот да го достави до Министерството за транспорт и врски.

3. Се укажува на ЗЕЛС во координација со општините и планските региони, а во соработка со Министерството за локална самоуправа, во рок од 30 дена да направи анализа на состојбата со општинските патишта, да подготват преглед на општински патишта во лоша и многу лоша состојба (по број и во км), во кој ќе вклучат приоритети и истиот да го достави до Министерството за транспорт и врски.

4. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во рок од 15 дена, по доставување на горенаведените анализи и прегледи, до Владата да достави нова информација во која ќе предложи акциски план за подобрување на состојбата на општинската патна мрежа.

## Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од ревитализирање и рестартирање на музичката продукција на Македонската радио телевизија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Формира работна група со претставници од: Канцеларијата на претседателот на Владата, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за култура, Министерството за финансии, ЈП Македонска радиотелевизија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кои во рок од 14 дена до Министерството за култура да достават номинации на лицата кои ќе учествуваат во работната група.

Се задолжува работната група да подготви Предлог-измени и дополнувања на законските решенија во делот на работата на Македонската радиотелевизија, со кои ќе се опфати и музичката продукција на Македонската радиотелевизија.

2. Се задолжува работната група да направи анализа на финансиските импликации и актите на Македонската радиотелевизија и во рок не подолг од 30 дена по нејзиното формирање, да подготви и до Владата да достави информација за понатамошно постапување на институциите за практично спроведување на процесот на ревитализација на музичката продукција на Македонската радиотелевизија, со конкретни Предлог-заклучоци.

## Точка 55

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на реформи во пензискиот систем, со Предлог-решение и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на реформи во пензискиот систем.

2. Го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на реформи во пензискиот систем, со заклучок во основот за донесување на решението, наместо член 36 став 3, да стои член 36 став 6 и во одредбата за влегување во сила, наместо одлука, да стои решение.

## Точка 56

Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за определување на видови на стока кои се предмет на постапување на царинските органи на определни гранични премини, со заклучок Министерството за финансии текстот на одлуката да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 57

Владата ја разгледа Информацијата по доставено Барање за одложено плаќање на главница од МСИП, поднесено од Општина Чашка бр.11-3443/1 од 11.5.2018 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии во рок од осум дена да склучи Договор за регулирање на долг со должникот Општина Чашка, со кој обврската за измирување на главен долг во вкупен износ од 3.228.946,00 денари, зголемен за камата во висина на референтната каматна стапка на Народна Банка на Република Македонија, ќе ја плати на три месечни рати и тоа:

- 1 рата со рок на плаќање најдоцна до 6.6.2018 година,
- 2 рата со рок на плаќање најдоцна до 6.7.2018 година и
- 3 рата со рок на плаќање најдоцна до 6.8.2018 година.

## Точка 58

Владата ја разгледа Информацијата во врска со транспонирањето на Регулативата 347/2013 за трансевропска енергетска инфраструктура и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија во рок од седум дена да формира Работна група составена од претставници од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен на економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за здравство и Министерството за труд и социјална политика.

2. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен на економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за здравство и Министерството за труд и социјална политика, во рок од три дена да достават номинации за членови во Работната група до Министерството за економија.

3. Се задолжува Министерство за економија по формирањето на Работната група веднаш да го достави Извештајот на Секретаријатот на Енергетската заедница.

4. Се задолжува Министерството за економија да организира работилница за презентација на Извештајот на Секретаријатот на Енергетската заедница пред Работната група која ќе се одржи на 29.5.2018 година и на која треба да бидат поканети претставници на Секретаријатот на Енергетската заедница.

5. Се задолжува Работната група да ги согледа препораките за донесување на нов закон за инвестициски проекти од стратешки интерес за Република Македонија и да достави извештај до Министерството за економија најдоцна до 8.6.2018 година.

6. Се задолжува Министерството за економија, најдоцна до 15.6.2018 година до Владата да достави информација за реализација на можните решенија со наведување надлежна институција која треба да подготви и до Владата да достави Предлог-текст на нов закон за инвестициски проекти од стратешки интерес за Република Македонија и кој треба да биде доставен до Владата најдоцна до 1.10.2018 година.

7. Се задолжува Министерството за економија, веднаш да го информира Секретаријатот на Енергетската заедница за донесените заклучоци од страна на Владата.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14:20 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Радмила Шекеринска**